# Легнала Мара во гора




Легнала Мара во гора, деј, леле,
Легнала Мара во гора, деј.

Се ми гората светнала, деј, леле,
Се ми гората светнала, деј.

Од тоа лице Марино, деј, леле,
Мара со лице збореше, деј:

— Лице ле лице Марино, деј, леле,
Ако те сака лудоно, деј.

Појди си горе в градина, деј, леле,
Набери бели босилок, деј.

Ако те сака староно, деј, леле,
Појди си горе в планина, деј.

Набери дива чемерка, деј, леле,
Отруј онова староно, деј.

Пеел Нофит Мојсов од село Вруток—Гостиварско, 1940 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.